РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Сектор за макроекономска политика



# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2015 година

## СОДРЖИНА

Резиме ... 2

I. Реален сектор

Индустриско производство ... 5

Број на работници во индустријата ... 6

Деловни тенденции во преработувачката индустрија ... 6

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ... 7

Инфлација ... 7

Берзански цени ... 9

2. Надворешно-трговска размена

Извоз ... 10

Увоз ... 11

Салдо на трговска размена ... 12

Валутна структура ... 12

3. Фискален сектор

Буџетски приходи ... 13

Буџетски расходи ... 14

Буџетско салдо ... 15

4. Социјален сектор

Нововработени и регистрирани невработени лица во АВРМ ... 15

Плати ... 16

Пензии ... 17

5. Монетарен сектор

Примарни пари ... 18

Депозитен потенцијал ... 18

Кредити на банките ... 19

Каматни стапки на депозитни банки ... 19

Пазар на капитал ... 19

Девизни резерви ... 20

# Р Е З И М Е

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

март, 2015 година

- Индустриското производство во март 2015 година во споредба со март 2014 година забележа раст од 0,6%;

- Годишната стапка на инфлација во март 2015 година изнесува -0,3%, со што продолжи темпото на забавување на негативниот раст на потрошувачките цени;

- Извозот во периодот јануари - март 2015 година забележа раст од 12,4%, а увозот бележи раст од 4,8%, што резултираше со стеснување на трговскиот дефицит за 9,6% споредено со истиот период минатата година;

- Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - март 2015 година изнесуваа 37.779 милиони денари, што претставува поголемо остварување за 17,0% во однос на истиот период од 2014 година. Вкупните расходи на Буџетот изнесуваа 44.080 милиони денари, што е за 1,5% повеќе во однос на 2014 година;

- Вкупните кредити забележаа раст од 9,2% на годишна основа, а вкупниот депозитен потенцијал на банките регистрираше раст од 8,4%.

# РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство




Индустриското производство во март 2015 година забележа раст од 0,6% на годишна основа, што се должи пред сѐ на растот во Преработувачката индустрија од 1,0% и придонес во вкупниот раст на индустриското производство од 0,8 процентни поени. Висок раст на производството од 15,1% е забележан во секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, додека пад од 7,4% е забележан во секторот Рударство и вадење камен, како резултат на намаленото производство во гранката Вадење јаглен и лигнит од 17,6%.




* Раст од над 100% е забележан во категоријата Производство на моторни возила, додека пад од 100% е забележан во категоријата Производство на кокс и рафинирани нафтени производи.

Најголем позитивен придонес во годишната промена на индустриското производство во март 2015 година има Производството на моторни возила, приколки и полуприколки (11,9 п.п.) со раст од 405,2%, а најголем негативен придонес има Производството на тутунски производи (1,6 п.п.) со пад од 38,2%.

Податоците за индустриското производство по наменски групи во март 2015 година во однос на март 2014 година покажуваат зголемување на производството кај групите: Трајни производи за широка потрошувачка од 31,1%, Капитални производи од 26,9% и Енергија од 6,3%. Пад е забележан во групите: Нетрајни

производи за широка потрошувачка од 4,5% и Интермедијарни производи, освен енергија од 2,4%.

## Број на работници во индустријата

Бројот на работници во индустријата на годишно ниво во март 2015 година забележа раст од 0,9%. Растот се должи на зголемениот број работници во секторот Преработувачка индустрија од 1,6%, додека намалување на бројот на работници е забележан во останатите два сектора: Рударство и вадење камен од 4,3% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од 3,1%.




Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во март 2015 година во однос на истиот период од минатата година покажуваат дека зголемување на бројот на работници има кај групите: Капитални производи за 15,4%, Интермедијарни производи, освен енергија за 3,5% и Трајни производи за широка потрошувачка за 2,5%, додека пад е регистриран кај групите Енергија од 6,6% и Нетрајни производи за широка потрошувачка од 1,6%.

## Деловни тенденции во преработувачката индустрија

Економската состојба на деловните субјекти во март 2015 година е поповолна во однос на претходниот месец, како и во однос на истиот период од претходната година.

Просечното искористување на капацитетите на деловните субјекти во март 2015 година изнесува 62,6%, што претставува зголемување во однос на претходниот месец кога изнесуваше 62,2%. Во споредба со март 2014 година, искористеноста на капацитетите е повисока за 2,8 п.п..

Во март 2015 година, согласно со оценката на раководителите на деловните субјекти, како фактори со најголемо влијание врз ограничувањето на обемот на производството се посочени следниве: недоволната странска побарувачка со 25,1%, недостигот на квалификувана работна сила со 24,7%, недоволната домашна побарувачка со 24,3%, финансиските проблеми со 6,2% и неизвесното економско окружување со 3,7%.

Состојбата на обезбеденоста на производството со порачки во март 2015 година во однос на февруари 2015 година е поповолна, исто како и состојбата со залихите на готови производи и очекувањата за обемот на производство во наредните три месеци.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во март 2015 година издадени се 238 одобренија за градење, што претставува намалување од 5,9% во однос на истиот месец од претходната година. Вкупниот број издадени одобренија за градење е зголемен за 5,3% во однос на февруари 2015 година, кога беа издадени 226 одобренија. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во март е намалена за 82,3% во однос на истиот период од претходната година. Во однос на претходниот месец, вредноста на објектите бележи двојно зголемување.




Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 133 (или 55,9%) се наменети за објекти од високоградба, 36 (или 15,1%) за објекти од нискоградба и 69 (или 29,0%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 238 издадени одобренија за градба, за 157 (или 66,0%) објекти како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 81 објект (или 34,0%) инвеститори се деловни субјекти. Во март 2015 година предвидена е изградба на 487 стана, со вкупна корисна површина од 34.668 м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 17,7% во однос на истиот месец од 2014 година, а во однос на февруари 2015 година е зголемен за 38,0%.




## Инфлација

Годишната стапка на инфлација во март 2015 година изнесува -0,3% со што продолжи темпото на забавување на негативниот раст на потрошувачките цени. Просечниот раст на потрошувачките цени во периодот јануари-март 2015 година изнесува -0,9%.

Категоријата Храна и безалкохолни пијалаци, која има најголемо учество при пресметката на Индексот на трошоците на животот, во март забележа годишен раст од 0,4%, при што зголемувањето на цените е највисоко во поткатегоријата

Зеленчук од 10,2%. Најголем пад на цените е забележан во категориите: Транспорт од 8,7%, Комуникации од 5,2% и Рекреација и култура од 2,0%. Највисок годишен раст на цените во март е регистриран во категоријата Алкохолни пијалаци и тутун од 5,6%, следен од порастот на цените во категориите Здравје од 2,9% и Домување, вода, електрика, гас и други горива од 1,7%.




Потрошувачките цени во март 2015 година регистрираа зголемување од 0,5% во однос на претходниот месец. Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа раст од 0,4%, што главно се должи на растот на цените во поткатегориите Зеленчук и Овошје. Позначителен пораст на цените во март е регистриран во категориите Транспорт од 3,9% и Здравје од 3,4%. Во март пад на потрошувачките цени на месечно ниво е регистриран во категориите: Комуникации од 3,5%, Облека и обувки од 0,4% и Останати стоки и услуги од 0,2%.




Цените на мало во март 2015 година во однос на истиот месец претходната година се намалени за 0,8%. Споредено со претходниот месец, цените на мало се повисоки за 0,9%. Просечниот раст на цените на мало во периодот јануари - март 2015 година изнесува -2,7%.

## Берзански цени

Во март 2015 година цената на суровата нафта (Brent) на светските берзи забележа пад од 3,7% во однос на претходниот месец и изнесуваше 55,8 долари за барел. Споредено со март 2014 година, цената на нафтата е пониска за 48,1%. Цената на природниот гас во март се намали незначително, за 0,1%, на месечна основа.




Што се однесува до металните производи, никелот како производ со високо учество во македонскиот извоз, во март 2015 година се тргуваше со просечна цена од 13.756 долари за еден метрички тон ($/мт), што претставува месечен пад на цената од 5,6%. Споредено со март 2014 година цената на никелот е пониска за 12,3%. Освен цената на бакарот, којашто во март забележа пораст од 3,7%, кај останатите основни метали се забележува месечно намалување на цената. Така, цената на калајот се намали за 4,5%, на цинкот за 3,3%, на алуминиумот за 2,4% и на оловото за 0,2%. Цената на железната руда во март забележа месечен пад од 7,9%. И благородните метали забележаа месечно намалување на цената, па така во март цената на платината забележа пад од 4,9%, на златото од 3,9% и на среброто од 3,3%.




Анализирано на месечна основа, во март 2015 година цената на пченицата на светските берзи се намали за 2,7%, а на пченката се зголеми за 0,3%. Цената на јагнешкото месо во март забележа месечно намалување од 5,1%.

# *НАДВОРЕШНО – ТРГОВСКА РАЗМЕНА*

Вкупната надворешно - трговска размена во првите три месеци од 2015 година изнесува 2215,4 милиони евра, што претставува раст од 7,8% во однос на истиот период од минатата година.




Во периодот јануари – март 2015 година, најголемо учество во вкупната размена има размената на Република Македонија со Европската унија (ЕУ 28), кое изнесува 69,4%, што претставува намалување од 0,6 п.п. во однос на истиот период од претходната година.

## Извоз

Во периодот јануари - март 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 915,1 милиони евра и бележи раст од 12,4% (100,8 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на извозот бележи пад од 15,2%.

Во март 2015 година вредноста на извезените стоки изнесува 324,3 милиони евра и бележи раст од 8,7% (26,0 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот се намали за 10,0%.







Анализирано на месечно ниво, во март 2015 година извозот бележи раст од 8,4% (25,2 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот, тој регистрира месечен пад од 0,9% .

Главни групи производи (според СМТК) со најголемо учество во извозот во периодот јануари - март 2015 година се: хемиски материи и производи, железо и челик, облека, метална руда и отпадоци од метал, пијалаци и тутун, како и нафта и

производи од нафта. Овие шест групи производи сочинуваат 55,5% од вкупниот извоз на државата.

Анализирано според економските групации на земјите, во периодот јануари – март 2015 година споредено со истиот период од 2014 година, извозот бележи раст кај групациите: ЕФТА, Северноамериканска зона на слободна трговија и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот регион, додека пад има кај групациите: ЕУ 28, Организација на земјите - извознички на нафта и нафтени деривати, Западен Балкан и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 28 бележи пад од 9,7% на годишно ниво, а кај земјите од Западен Балкан пад од 21,9%, при што извозот на стоки во ЕУ 28 и земјите од Западен Балкан во вкупниот извоз на Република Македонија учествува со 78,7% и 10,5% соодветно.

## Увоз

Во периодот јануари - март 2015 година вредноста на увезените стоки изнесува 1300,2 милиони евра и бележи раст од 4,8% (59,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2014 година, а физичкиот обем на увозот пад од 5,8%.

Вредноста на увозот во март 2015 година изнесува 526,1 милион евра, што претставува зголемување за 18,0% (80,4 милиони евра) во однос на истиот месец од 2014 година, а увезените количини стоки се намалени за 12,8%.




Анализирано на месечно ниво, во март 2015 година увозот бележи раст од 28,7% (117,5 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен раст од 15,8%.

Табела 1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи на производи.

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2014 | I - III - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 22,3 | 11,0 | -11,3 | -50,7 |
| Мил. ЕУР | 9,6 | 6,0 | -3,6 | -37,2 |
| Мил.$ | 13,2 | 6,8 | -6,4 | -48,4 |

*)Претходни податоци

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2014 | I - III - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 221,8 | 203,8 | -18,0 | -8,1 |
| Мил. ЕУР | 122,1 | 87,8 | -34,3 | -28,1 |
| Мил.$ | 167,3 | 98,6 | -68,7 | -41,1 |

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2014 | I - III - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 3,0 | 5,4 | 2,3 | 77,2 |
| Мил. ЕУР | 151,4 | 166,5 | 15,1 | 10,0 |
| Мил.$ | 207,7 | 186,1 | -21,6 | -10,4 |

*)Претходни податоци

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2014 | I - III - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 6,9 | 7,1 | 0,2 | 3,6 |
| Мил. ЕУР | 19,0 | 27,8 | 8,8 | 46,4 |
| Мил.$ | 26,1 | 30,9 | 4,8 | 18,5 |

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2014 | I - III - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 136,5 | 139,5 | 3,0 | 2,2 |
| Мил. ЕУР | 131,7 | 130,1 | -1,6 | -1,2 |
| Мил.$ | 180,3 | 145,5 | -34,8 | -19,3 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - III - 2014 | I - III - 2015 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 125,7 | 153,4 | 27,7 | 22,0 |
| Мил. ЕУР | 61,9 | 73,2 | 11,4 | 18,4 |
| Мил.$ | 84,8 | 81,7 | -3,2 | -3,8 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во првите три месеци од 2015 година трговскиот дефицит се стесни за 9,6% односно 41,0 милиони евра споредено со истиот период од минатата година.

Во март 2015 година, трговскиот дефицит се прошири за 36,9% односно 54,4 милиони евра споредено со март минатата година.




Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, намалувањето на дефицитот е резултат на комбиниран ефект од: стеснетото негативно салдо во размената со храна и пијалаци, горива и мазива, стоки за инвестиции без транспортна опрема и транспортна опрема, додека во спротивна насока дејствуваше проширувањето на негативното салдо во размената со индустриски набавки и стоки за широка потрошувачка.

Во периодот јануари – март 2015 година 93,5% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Србија, Грција и Русија, а потоа следуваат: Кина, Турција, Италија, Романија, Австрија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Белгија, Шпанија и Швајцарија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 82,9% од трговската размена во периодот јануари - март 2015 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2014 година претставува зголемување од 7,9 п.п.. На страната на извозот и увозот, еврото е застапено со 87,9% и 79,5%, соодветно, при што застапеноста на еврото во извозот е зголемена за 0,5 п.п., додека застапеноста на еврото кај увозот е зголемена за 12,6 п.п. во однос на периодот јануари – март 2014 година.

| Надворешно трговска размена на Република Македонија (по валути ); пресметки на МФ | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| увоз | I - III - 2014 | | | | | I - III - 2015 | | | | | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | | |
| ЕУР | 718,7 | 828.927.768 | 61,6898 | 51.136.353.479 | 66,9 | 697,1 | 1.024.675.528 | 61,6433 | 63.164.404.099 | 79,5 | 195.747.759 | 23,6 |
| УСД | 628,1 | 339.813.804 | 44,6246 | 15.164.047.406 | 19,8 | 571,0 | 287.636.892 | 56,8137 | 16.341.721.655 | 20,6 | -52.176.912 | -15,4 |
| ГБП | 1,2 | 126.326.892 | 74,2057 | 9.374.177.910 | 12,3 | 1,6 | 4.311.582 | 85,1970 | 367.333.986 | 0,5 | -122.015.310 | -96,6 |
| ЕУР+УСД+ГБП | 1.348,0 | | | 75.674.578.795 | 86,7 | 1.269,6 | | | 79.873.459.740 | 100,5 | | |
| вк извоз: | 1.350,3 | | | 76.472.980.193 | 100,0 | 1.271,7 | | | 79.493.418.751 | 100,0 | | 3,9 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРМ

# *ФИСКАЛЕН СЕКТОР*

## Буџетски приходи

Вкупните приходи на Буџетот во периодот јануари - март 2015 година изнесуваа 37.779 милиони денари, односно 6,8% од БДП, што претставува поголемо остварување за 17,0% во однос на истиот период од 2014 година.

Даночните приходи за првите три месеци изнесуваат 21.935 милиони денари, односно 4,0% од БДП и во однос на истиот период од 2014 година се зголемени за 20,4%.




Данокот на додадена вредност е остварен во износ од 9.314 милиони денари, при што учеството на ДДВ во вкупните даночни приходи во овој период е доминантно и изнесува 42,5%. Акцизите се остварени во износ од 4.614 милиони денари (учество од 21,0% во даночните приходи). Така, од овие два индиректни данока остварени се приходи од 13.928 милиони денари, што претставува 63,5% од вкупните даночни приходи (2,5% од БДП). Притоа, ДДВ е наплатен во бруто износ од 13.918 милиони денари, од кои на даночните обврзници им е извршен поврат од 4.605 милиони денари (бруто наплатата е пониска за 1,3%, додека повратот по основ на ДДВ е повисок за 11,4% споредено со истиот период од 2014 година).

Во структурата на ДДВ најголемо е учеството на ДДВ при увоз, кој забележува пад од 4,7%, додека ДДВ од прометот во земјата забележува раст од 6,0%. Учеството на ДДВ донациите, кое е незначително, забележува помало остварување за 66,6%. Набљудувано по одделни категории даноци, приходите од персоналниот данок се остварени во износ од 2.964 милиони денари и забележуваат раст од 6,4% на годишна основа, при што околу 2/3, односно 65,2% од персоналниот данок претставува приходот од данокот на плати и други лични примања, 6,0% од

приходи по основ на договор на дело и 8,9% од приходи од игри на среќа и наградни игри. Споредено со истиот период од 2014 година, приходите од данокот на добивка во износ од 3.932 милиони денари забележаа рекордно зголемување од 3,8 пати, што се должи главно на данокот наплатен по основ на даночни биланси со учество од 67,1% во вкупниот данок на добивка, по месечни аконтации со 18,3% и од исплатена дивиденда и друга распределба од добивката со 5,7%.

Приходите од ДДВ забележаа намалување од 6,6%, додека акцизите забележаа зголемување од 49,1%. Приходите од царина беа остварени во износ од 966 милиони денари и забележаа намалување од 7,3%. Приходите од други даноци со остварен износ од 145 милиони денари забележаа пад од 48,8%.

Неданочните приходи беа остварени во износ од 3.273 милиони денари и во однос на истиот период од 2014 година забележаа раст од 26,0% (во овие приходи спаѓаат приходите од профит од јавни институции, административни такси и глоби, концесии и др.).

Капиталните приходи реализирани по основ на продажба на градежно земјиште, станови и дивиденди се оствarија во износ од 317 милиони денари, што претставува зголемување од 82,2% во однос на истиот период од претходната година.

Приходите од странски донации од меѓународна и билатерална соработка се остварија во износ од 784 милиони денари, односно за 28,1% повеќе во однос на истиот период лани.

Социјалните придонеси од плата се остварени во износ од 10.932 милиони денари, што е за 7,1% повеќе споредено со истиот период од 2014 година, при што зголемување на наплатата се забележува кај придонесите од пензиско и инвалидско осигурување од 6,8%, кај придонесите за здравствено осигурување од 7,5% и кај придонесите за вработување од 7,6%.

## Буџетски расходи

Вкупните расходи на Буџетот во првите три месеци од 2015 година изнесуваа 44.080 милиони денари, односно 8,0% од БДП, што е за 1,5% повеќе во однос на 2014 година.

Тековните расходи во износ од 39.936 милиони денари се зголемени за 2,1% во однос на истиот период од 2014 година. Доминантно учество во тековните расходни ставки имаа трансферите кои изнесуваа 28.206 милиони денари. Средствата за трансфери забележаа речиси идентична реализација споредено со истиот период од 2014 година и учествуваа со 64,0% во вкупните расходи.

Платите и надоместоците беа реализирани во износ од 6.006 милиони денари и нивното структурно учество во вкупните расходи на Буџетот изнесува 13,6%, и во однос на 2014 година се зголемени за 5,3%.

Расходите за стоки и услуги изнесуваа 4.286 милиони денари, со учество од 9,7% во вкупните расходи и споредено со истиот период од 2014 година се поголеми за 3,1%.

Социјалните трансфери изнесуваа 19.970 милиони денари, забележаа раст од 5,6% и учествуваа со 45,3% во вкупните расходи. Трансферите кон Фондот за пензиско и инвалидско осигурување зафаќаат најголем дел од социјалните трансфери, со износ од 12.320 милиони денари и забележаа зголемување од 5,2% споредено со истиот период од 2014 година, и учество од 27,9% во вкупните расходи. Учеството на категоријата други трансфери, кои ги вклучуваат трансферите кон единиците на локалната самоуправа, во вкупните расходи изнесува 17,9%, односно забележаа намалување од 12,8%, споредено со истиот период од 2014 година. Блок дотациите кон единиците за локална самоуправа во износ од 3.705 милиони денари, беа реализирани за 3,3% повеќе во однос на истиот период од претходната година.

Каматните расходи изнесуваат 1.438 милиони денари, што е за 38,3% повеќе во споредба со истиот период од 2014 година. Ваквото остварување е претежно поради исплатата на доспеани обврски за камати од задолжување во земјата и во странство. Трошоците за камати од домашно задолжување беа зголемени за 94,2%, додека за странство за 4,0%.

Во анализираниот период, средствата за капитални расходи беа реализирани во износ од 4.144 милиони денари, со структурно учество од 9,4% во вкупните расходи.

## Буџетско салдо

Во периодот јануари - март 2015 година, во Буџетот на Република Македонија е остварен дефицит од 6.301 милиони денари, додека дефицитот на Централниот буџет изнесува 5.276 милиони денари.

# *СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР*

## Новвработени и регистрирани невработени лица во АВРМ




Во март 2015 година во Агенцијата за вработување на Република Македонија регистрирани се вкупно 45.551 нови засновани работни односи. Вкупниот број новвработени во овој период е поголем за 3,2% во однос на март 2014 година. Од вкупниот број новвработени, 50,9% се вработени на неопределено време, додека останатиот дел се вработени на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број засновани нови работни односи, 23,7% се од евиденцијата на невработени.




Вкупниот број невработени лица изнесува 224.562, од кои 126.161 се активни баратели на работа, а 98.401 се останати невработени лица. Во однос на истиот месец лани, вкупниот број невработени лица е поголем за 1,6%.

Најголем дел од невработените лица (69,3%) се градско население, а 60,4% се мажи. Според степенот на образование, поголемиот дел, односно 54,9% од невработените се со непотполно средно образование или помалку, 29,9% се со завршено средно образование, додека 15,1% имаат вишо или повисоко ниво на образование.

По возрасни групи, најголемиот дел или 54,0% од невработените припаѓаат на возрасната група 25-49 години. Според времето на чекање на вработување, 36,8% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, додека 10,6% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Просечната номинална нето-плата во февруари 2015 година оствари годишен раст од 0,8%, а во однос на претходниот месец е пониска за 3,3%. Најистакнат раст на просечната нето – плата се забележува во следните сектори: Други услужни дејности (8,6%), Дејности на здравствена и социјална заштита (5,0%) и Образование (4,0%). Реалните плати во февруари забележаа годишен раст од 1,8%.







Просечната номинална бруто-плата во февруари 2015 година оствари годишен раст од 1,5%, а во однос на претходниот месец таа е пониска за 2,9%. Најистакнат раст на просечната бруто - плата се забележува во следните сектори: Други услужни дејности (9,2%), Дејности на здравствена и социјална заштита (6,4%) и Уметност, забава и рекреација (4,6%). Реалната бруто плата

забележа годишен раст од 2,5%. Процентот на вработени кои не примиле плата во февруари 2015 година изнесува 1,5% и е за 0,2 п.п. повисок во однос на истиот месец од претходната година, како и во однос на јануари 2015 година.

## Пензии

Во март 2015 година во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување евидентирани се 297.223 пензионери, што претставува зголемување од 1,7% во однос на истиот период од минатата година. На месечно ниво, бројот на корисници на пензија е поголем за 1.797 лица. Од вкупниот број пензионери, 59,8% се корисници на старосна пензија, 25,8% на семејна пензија и 14,4% на инвалидска пензија.




Просечната пензија во март 2015 година изнесува 12.452 денари што на годишно ниво претставува зголемување од 0,2%. Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во февруари 2015 година (последни расположливи податоци) изнесува 58,9%. Просечната старосна пензија во март изнесува 13.860 денари и е за 0,2% пониска од истиот период лани. Просечната инвалидска пензија изнесува 11.201 денар и е непроменета во однос на минатата година, додека просечната семејна пензија изнесува 9.858 денари и е пониска за 0,1% во однос на март минатата година. За исплата на пензиите во март 2015 година потрошени се 3.584,88 милиони денари, што претставува 52,1% од вкупните социјални трансфери.

# *МОНЕТАРЕН СЕКТОР*

Во март 2015 година, Народна банка на Република Македонија, во услови на стабилни движења, одлучи да ја задржи каматната стапка на благајничките записи на нивото од 3,25%. Каматната стапка на расположливите депозити на 7 дена се намали за 0,5 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 0,5%.



## Примарни пари

Во март 2015 година, примарните пари[1] регистрираа раст од 7,1% на годишна основа, во услови на раст на готовите пари во оптек од 12,3%, додека вкупните ликвидни средства на банките регистрираа раст од 2,5%.

На месечно ниво, примарните пари забележаа пад од 2,3%, при пад на вкупните ликвидни средства на банките од 6,1% и раст на готовите пари во оптек од 1,9%.

## Депозитен потенцијал

Во текот на март, вкупните депозити на банките регистрираа пад од 0,3% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека, депозитите на приватните

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **Депозитен потенцијал** | 287142 | -0,3 | 8,4 |
| Денари | 168230 | -0,5 | 11,0 |
| Странска валута | 118912 | -0,1 | 5,0 |
| Краткорочен | 148262 | -0,8 | 1,1 |
| Долгорочен | 79408 | -0,8 | 17,2 |
| | | | |
| **Кредити на приватен сектор** | 258315 | 1,2 | 9,2 |
| Денари | 200928 | 1,2 | 10,5 |
| Странска валута | 57387 | 1,1 | 5,0 |

Извор: НБРМ

претпријатија забележаа пад од 2,7%, а депозитите на домаќинствата забележаа раст од 0,7% во однос на претходниот месец. Од аспект на валутата, депозитите во домашна и странска валута забележаа пад од 0,5% и 0,1%, соодветно.




Вкупниот депозитен потенцијал во март 2015 година оствари раст од 8,4% на годишна основа. Анализирано според валутата, растот беше доминантно воден од зголемувањето на депозитите во домашна валута од 11,0%, а истовремено депозитите во странска валута се зголемија за 5,0%. Од аспект на секторот, депозитите на домаќинствата овој месец бележат раст од 8,1%, додека депозитите на претпријатијата се зголемија за

[1]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва (во денари).

7,8%. Според рочноста, долгорочните депозити бележат раст од 17,2%, додека краткорочните депозити се зголемија за 1,1%. Валутната структура на депозитите и понатаму е стабилна, при што депозитите во домашна валута имаат поголемо учество во депозитната база, кое изнесува 58,6%.

## Кредити на банките

Во март 2015 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор забележаа раст од 1,2% на месечна основа. Секторската анализа укажува дека кредитите кон домаќинствата во март остварија раст од 1,3%, како и кредитите кон претпријатијата кои регистрираа раст од 1,0%. Од аспект на валутата, во март 2015 година денарските и девизните кредити се зголемија за 1,2% и 1,1%, соодветно.

На годишна основа, во март 2015 година вкупните кредити се зголемија за 9,2%, во услови на раст на кредитите кон претпријатијата од 6,9% и раст на кредитите кон домаќинствата од 12,1%. Кредитите во домашна валута се зголемија за 10,5%, а кредитите во странска валута регистрираа раст од 5,0%. Од аспект на рочноста, пак, долгорочните кредити бележат годишен раст од 9,7%, а краткорочните кредити се повисоки за 6,2%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во март 2015 година каматните стапки бележат надолни поместувања на месечна основа. Имено, вкупната каматна стапка на кредитите изнесува 6,9%[2] и е намалена за 0,1 п.п. во споредба со минатиот месец. Каматните стапки на денарските кредити е намалена од 7,3% во февруари на 7,2% во март, додека каматната стапка на девизните кредити остана непроменета и изнесува 6,0%. Вкупната каматна стапка на депозитите изнесува 2,4% и е непроменета во однос на минатиот месец. Каматните стапки на денарските и девизните депозити се намалени за 0,1 п.п и изнесува 3,1% и 1,4%, соодветно.




## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, во март 2015 година вкупниот промет на берзата регистрираше зголемен пад на месечно ниво, односно се намали за 25,4%, што е резултат на падот на прометот од класичното тргување за 28,3%.

[2] Започнувајќи од јануари 2015 година, НБРМ ја промени методологијата на пресметување на каматните стапки. Овие промени во статистиката на каматните стапки произлегуваат од целосното приспособување кон европските стандарди.

Вкупниот промет на берзата во март изнесуваше 183 милиони денари што претставува пад од 50,7% на годишно ниво.

Македонскиот берзански индекс МБИ-10 во март 2015 година изнесуваше 1.755,47 индексни поени, што претставува пад од 4,7% на месечно ниво, додека во однос на истиот период од претходната година индексот е повисок за 1,8%.




## Девизни резерви

Бруто девизните резерви на крајот на март 2015 година изнесуваа 2.354,8 милиони евра и во однос на претходниот месец се повисоки за 24,1 милиони евра, додека во однос на март минатата година се зголемени за 413,6 милиони евра.

Министерство за финансии

Сектор за макроекономска политика

„Даме Груев бр. 12", 1000 Скопје

www.finance.gov.mk